*Х. АНДОНОВ — ПОЛЈАНСКИ*

# НЕКОИ ПОДРОБНОСТИ ОКОЛУ „НОВОСЕЛСКАТА АФЕРА" И СКОПСКИОТ ПРОЦЕС ОД 1901 ГОДИНА

Со „Винишката афера" од 1897 година настана еден нов период во историјата на македонското национално-револуционерно движење. Тоа е настан кој мошне тешко се одрази врз натамошното дејствување на овој македонски револуционерен организам. Од друга страна, овој настан носеше во себе позитивна компонента. Тоа, пред сè, се одрази во фактот дека Македонската револуционерна организација, првпат ја покажа својата сила и величина, станувајќи значаен фактор на македонската револуционерна самобитност и, од друга страна, го презентира своето постоење не само на османските господаречки кругови, туку и на европската дипломатија и јавност. „Винишката афера" претставуваше само една алка во низата афери што следуваа по неа. Таква беше и „Новоселската афера", а исто така и скопскиот процес, кој настана како нејзина последица.

За „Новоселската афера" и за скопскиот процес постои фрагментарен материјал, а исто така и тоа прашање малку е третирано и во литературата. Во коресподенцијата на Гоце Делчев ова прашање се предава обопштено, и тоа со проблемот на аферите воопшто.[1] На ист начин тоа е третирано и во спомените на Гоцевите современици.[2] Поопстоен опис наоѓаме во спомените на Мите Хаџи Мишев.[2a] Во „Мемоарот на Внатрешната организација" се дадени извесни подробности, и тоа поспецијално во врска со „Новоселската" афера.[3] Слични вакви подробности наоѓаме и во биографијата на Гоце Делчев од П. К. Јаворов. Авторот ја поврзува „аферата" со личноста на Гоце.[4] Извесни податоци се дадени во една статија за Васил Пасков, кој бил осуден во скопскиот процес.[5] Краток осврт на прашањето направиле Хр. Силјанов[6] и А. Динев.[7]

„Аферите" ја побудиле европската дипломатија посериозно да се занима со македонското ослободително движење. Тоа било поврзано со интересирањето да се следи секое движење во Македонија. Такво интересирање предизвикале и „Новоселската афера"

---

[1]) Види: Љ. Лапе, Писмата на Гоце Делчев. Скопје 1951; Гоце Делчев. Писма и други материяли. (Изд. Д. Кьосев). София, 1967.

[2]) Види: Х. Андонов-Полјански, Гоце Делчев во спомените на современиците Скопје 1963.

[2a]) Види: Б. Мирчев, Спомени на някои активни дейци в македонското революционно движение. — Известия БАН 6 (1956), 507—512.

[3]) Македония и Одринско (1893—1903). S. l. 1904, 69.

[4]) П. К. Яворов, Гоце Делчев. — П. К. Яворов, Хайдушки копнения. Гоце Делчев. София 1939[2], 208—209.

[5]) Л. Томов, Васил Пасков. — Ил. Илинден 9 (1934), 5.

[6]) Хр. Силянов. Освободителните борби на Македония. Т. I. София 1933, 109.

[7]) А. Динев, Илинденската епопея. Т. I. София 1945, 105—106, 113.

и скопскиот процес поврзан со неа. За ова посебно се заинтересирал англискиот вице-конзул во Скопје, Р. Фонтана, кој приготвил и специјален опстоен извештај и, на 3 јули 1901 година, го испратил до својот претпоставен А. Билиоти, генерален конзул во Солун, кој го препратил на 9 јули до амбасадорот во Цариград, Н. О'Конор.[8]) Во својот извештај Р. Фонтана изнесува некои нови подробности околу ова прашање, кои спомагаат за повоопштено негово претставување на овој настан. Во објавеното за овој настан единствено во „Мемоарот" наоѓаме уточнување за „Новоселската афера" — на 22 декември 1899 година (стар стил),[9]) додека во извештајот на Р. Фонтана тоа е 1 јануар 1900 година, кое, сметано според новиот стил, приближно одговара на претходниот податок.[10]) А М. Х. Мишев говори за 20 јануари 1900 година.[10а]) Начинот на кој настанала аферата нееднакво е претставен. Во извештајот на Р. Фонтана се вели дека како причина се смета убиството на група Турци во Ново Село (Штипско) од неколку души револуционери.[11]) Меѓутоа, другите сведоштва, а особено „Мемоарот" П. Јаворов и „Спомените" на М. Х. Мишев, укажуваат, што е поавтентично, дека случката била изведена од еден единствен протагонист. Тоа бил револуционерот Сандо Невенин, кој како ранет, се засолнил во една куќа во Ново Село.[12]) Меѓутоа, тој бил предаден од една жена.[13]) По ова почнала опсадата на куќата во која тој бил сместен. Во опсадата учествувал поголем број турски аскер. Револуционерот во опсадената куќа не се предал едноставно, туку поаѓајќи од долгот што му го наложувала етиката на револуцијата, храбро се држел и во текот на неколку часовна борба убил 16 војници,[14]) од кои се познати некои имиња.[15]) Увидувајќи ја својата немоќ да се справат со опсадениот револуционер, Турците донеле пожарникарска пумпа и, откако ја испрскале куќата со газје, ја запалиле, со надеж

---

8) A. Biliotti — N. O'Conor, Salonica July 9th 1901 (Public Record Office (London FO 195/2111. Turkey. H. M. Embassy at Constantinople. Salonica Received 1901).

9) Македония и Одринско., 69.

10) PRO. — FO 195/2111.

10а) Б. Мирчев, Op. cit., 508.

11) Ibidem.

12) Р. Фонтана вели дека тоа била куќата на месарот Мише. (PRO-FO 195/2111). М. Х. Мишев прецизира за куќата на Мише Данчев (Б. Мирчев, Op. cit., 508).

13) П. Јаворов вели дека предавник бил еден Евреин. М. Х. Мишев се сомнева во некој В., исклучен од Организацијата. Евреинот помагал во палењето на зградата. (Б. Мирчев, Op. cit., 509).

14) Македония и Одринско, 69. Р. Фонтана соопштува дека биле убиени 4 Турци и 3 Штипјани. (PRO-FO195/2111). П. К. Јаворов вели дека биле убиени 20 души. (П. К. Яворов, Op. cit., 208). М. Х. Мишев ја дава цифрата за 17 убиени (Б. Мирчев, Op. cit., 509).

15) Р. Фонтана ги соопштува имињата на офицерите и војниците: Неџип (Nejib), Али Ефенди (Ali Effendi), Асан (Hassan) и Калид (Khalid). PRO-195/2111).

дека на тој начин ќе го ликвидираат. Меѓутоа, по херојска борба, револуционерот успеал да побегне и да се скрие во градот.[16])

Овој настан ја возбудил турската власт. Тоа се гледа и од фактот дека, според П. К. Јаворов, во градот дошле високи турски великодостоинственици за да го испитаат случајот. Освен тоа, тоа било поврзано и со мислењето нивно, за кое сведочи П. К. Јаворов, дека во опсадената куќа се наоѓал Гоце Делчев и дека со неговото уништување би ѝ се задал директен удар на Македонската револуционерна организација. Меѓутоа, тие биле излагани во своите претпоставки. Тогаш Гоце се наоѓал во Радовишко и оттаму минал во Струмичко, Петричко и другите подрачја на Источна Македонија како дел од инспектирање на револуционерните реони.[17]) Откако тоа не им успеало, Турците извршиле многубројни апсења, како во Ново Село, Штип, така и по селата. Според „Мемоарот", биле затворени 21, и тоа 5 од Штип, 9 од Ново Село, 4 од с. Сушево и 4. од с. Кардафак.[18]) Р. Фонтана изнесува дека биле обвинети 26 души и ги предава нивните имиња. Со оглед на сомневањето дека во опсадената куќа се наоѓал Гоце Делчев, неговото име фигурира како прво, и тоа како Георги Делчев (Georgi Deltcheff), потоа се редат имињата на Александар Зафиров (Alexander Zakiroff), Диме Бербер (Dimé), Стојан (Stoyan), Јован Намон (Jovan Namon?), Тодор Аџи Константинов (Todé Agi Constanin). Овие шестмина се сметале како главни обвинети и од нив бил затворен само последниот, а на другите им се судело во отсуство. Покрај нив, биле обвинети и следниве личности, заради одржување врска со нив:

Васил Илија Пасков (Vassil Elia Paschkoff), Димитрија Ниенци (Dimitri Nientzi), Георги Константин (Gheorghi Constantin), Стојче Христо (Stoitza Khristo), Аџи Мито (Agi Mita), Тоде Сандо (Toda Sando), Ване Мито (Vane Mita), Сандукли Мито (Sandukli Mita), еден сопственик на Ан (без име), Лескузали Лазо (Lescousali Lazo), Коца Ано (Kotzia Ano), Мише Бошков (Mishé Boskoff), Христо Анче Јанев (Khristo Antzi Yanni), Христо Бруско (Khristo Brusco), Ванче Зафир (Vantzi Zafir), Стојан Мицо (Stoyan Mitzi), Георги Мицо (Gheorghi Mitzi), Трајче Донче (Traitze Dontze) и Тоше Трајче (Tossé Traitzé).[19])

На сите обвинети, во отсуство и на фатените, им се судело во Скопје, [20]) Во претходната постапка, според извештајот на Р. Фонтана, признанија против соучесниците направиле Мише Бошков, Коца Ано и Стојан. Исто такво признание направил и Христо Бруско. Обвинетата Коца изјавила дека била откриена една „Мартини" пушка со 42 куршуми, која му била дадена на нејзиниот маж

16) Во „Мемоарот" се вели дека тој од здобиените рани умрел по неколку дена. (Македония и Одринско, 69). П. К. Јаворов вели дека умрел во Бугарија. (П. К. Яворов. Op. cit., 208). М. Х. Мишев соопштува дека умрел во Штип. (Б. Мирчев, Op. cit., 509).

17) П. К. Яворов, Op. cit., 208—209.

18) Македония и Одринско, 69. Хр. Силянов, Op. cit., 109.

19) Имињата ги предадовме интепретирани и во оригинална форма од извештајот на Р. Фонтана. (PRO-FO 195/2111).

20) Не е точно тврдењето на А. Динев дека им се судело во Солун и дека сите обвинети биле ослободени (А. Динев, Op. cit., 113).

за револуционерни цели, од Васил Пасков, директор на училиштето во Ново Село. Првите шестмина обвинети, според Р. Фонтана, меѓу кои и Гоце Делчев, судот прогласил за виновни, според чл. 13, 31, 43, 55, 56, 57 и 63 од Кривичниот кодекс, и ги осудил на смрт. Од нив Тодор Аџи Константинов се наоѓал во турски раце. Другите биле вака осудени:

Коца Ано и нејзиниот зет и Трајче Дончо (во отсуство) на 13 години затвор. Васил Пасков, Георги Константин, Сандукли Мито и Христо Бруско (во отсуство) на 12 години затвор. Аџи Мито, Вано Мито и анџијата на 4 години затвор. Христо Јанев, Димитар Ниенци, Стојче Христо и Мише Бошков на 6 години затвор. Стојан и Тоше Трајче на 3 години затвор. Другите биле ослободени.[21])

Р. Фонтана, во својот извештај, соопштува извесни подробности за текот на самото судење. Тој истакнува дека извесен број обвинети ги одрекувале изјавите што ги дале во претходната постапка и дека не си ја признавале вината. Повеќемина биле повикани да сведочат во полза на обвинетите и нивните сведоштва биле противречни и без стојност. Исто така, Р. Фонтана, истакнува дека обвинителот за некои од обвинетите барал ослободување.[22]) М. Х. Мишев соопштува за употребени фалсификати во обвинението.[22а])

Р. Фонтана изнесува и некои појаснувања во врска самиот мотив на обвинението и дава извесно светло за самиот настан. Тој наведува дека некои штипјани му велеле дека било грешно турското обвинение дека куќата во Ново Село ја запалиле револуционерите, туку самите жандарми ја полиле со газје за да ги принудат опсадените на предавање. Тоа Р. Фонтана го поврзува со сличните случаи кои Турците ги правеле во Ерменија, за да можат поедноставно да го изведат масакрот. Затоа и тврдењето на штипјани тој го смета за „перфектно вистинито."[23])

Разјаснувањата што ги изнел Р. Фонтана во својот извештај за настанот во Ново Село, од кој настанала познатата „Новоселска афера" и како последица од неа — скопскиот процес, придонесуваат, заедно со другите извори, за подобро осветлување на ова прашање. Целта на тој чекор на османската господаречка власт била повеќе од очигледна: да се дискредитира Внатрешната организација, да се уништат нејзините основни сили и нејзините предводници. Токму од тој аспект и Гоце стоел на чело на обвинителната листа. Зад сева оваа акција стоела една перфидно замислена акција. Тоа е најдобро потенцирано во едно Окружно од март 1901 година, што го подготвиле Гоце Делчев и Ѓорче Петров. Во него

[21]) PRO-FO 195/2111. Во „Мемоарот" е изнесен следниов преглед на осудените: на 101 година — 1 обвинет; на 13 — 1; на 12 — 4; на 6 — 2; на 5 — 2; на 4 — 1; на 3 — 3. (Македония и Одринско, 69).

[22]) PRO-FO 195/2111.

[22а]) Б. Мирчев, Op. cit., 509.

[23]) PRO-FO 195/2111.

меѓу другото, се истакнува: „Со разни афери и аферчиња турската влада ќе нè држи нас вечно на штрек и целото население во возбуда. Недоволен, се гледа, од досегашните ѕверства, извршени над нашите браќа комити и некомити без разлика, Султанот решил на секој начин да ја смири земјата, откако ќе го здроби со еден удар революционерното дело.“ Понатаму се образложува намерата на турската власт да се фатат најдобрите македонски сили и, со тоа, да се расплетат нишките на революционерното дело. Токму затоа и биле употребени драконски мерки. Затоа и се истакнува дека „Македонија е опфатена во революционерна положба, без да има во неа револуција“. Тоа наложило нова преориентација во дејноста, во децентрализација, нова тактика и засилување на Организацијата.[24])

Гоце и Ѓорче биле меѓу првите предводници на револуционерното дело кои дале нови насоки за повторно засилување на револуционерните редови. Гоце, од своја страна, за време на познатото инспектирање на револуционерните реони во 1901 и 1902 година, внел многу напори за зацврстување на Револуционерната организација. На еден собир тој рекол: „Нема зошто да очајуваме и да губиме вера во иднината. Во нашиот пат вакви афери и страvotии се природни. Во нив се крштаваме и ние и народот.“[25]) И навистина, назадувањето во нормалниот тек на револуционерното дело, што го направија „аферите“, во тоа спаѓа и „Новоселската афера“, — имаше привремен карактер. Совреме веќе повторно македонското национално-револуционерно движење ги сплоти основните револуционерни сили и стана вистински двигател на македонската револуционерна самодејност.

[24]) Гоце Делчев. Писма и други материјали, 305—310.

[25]) Гоце Делчев во спомените на современиците, 75; H. Andonov-Poljanski, Goce Delčev. Ideolog i organizator makedonskog nacionalno-oslobodilačkog pokreta Skopje, 1968, 29.